**ЗАПИСНИК**
**од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 08.10.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата се присутни 5 членови на Советот, додека заменик претседателот Селвер Ајдини во моментот има технички проблем со интернет конекција и се очекува наскоро да се приклучи. Во текот на читање на предложениот Дневен ред г-дин Ајдини се приклучи во видео конференциската врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.09.2021 година.
2. Предлог-политика за воспоставување на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог-упатство за начинот на водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
5. Предлог за изменување на Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

6. Предлог за изменување на Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци.
7. Предлог за изменување на Правилникот за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
8. Предлог за изменување и дополнување на Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци и за водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка услуга: Одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација.
10. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на стока: ситен информатички материјал за потребите на Агенцијата за изборниот процес.
11. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.09.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точки од 2 до 8**

Г-дин Петрушевски во врска со Точките од 2 до 8 објасни дека тие се со иста тематика и побара да се договорат дали би можело директорот и службата да ги објаснат сите одеднаш, или е подобро да се оди точка по точка, а по образложенијата и дискусијата да се гласа за секоја точка посебно.

Г-дин Трајчевски предложи раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска да даде објаснување за Упатствата, а потоа гласањето да биде засебно за секоја точка.

Г-дин Петрушевски објасни дека за овој предлог нема претходно разговарано со директорот, но произлезе дека имаат ист став да има еден вовед за точките од 2 до 8, а потоа да се отвори дискусија точка по точка и да се гласа веднаш по завршување на дискусијата по точката. За овој предлог членовите на Советот немаа против.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека Предлог-политиката за воспоставување на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и останатите Предлог-акти кои се предмет на разгледување на оваа седница, од точките 2 до 8, се дел од активностите кои се преземаат во насока на усогласување на работењето на Агенцијата со одредбите од постојниот Закон за заштита на лични

податоци и подзаконскиот акт кој што е донесен врз основа на тој Закон, а тоа е Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци, кој што е донесен од страна на Агенцијата за заштита на лични податоци, како надлежна институција за спроведување на одредбите од овој Закон. Во врска со првиот акт под Точка 2 - Предлог-политика за воспоставување на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги објасни дека е нов акт, односно потребата за донесување на ваков акт не беше превидена во Законот за заштита на лични податоци кој престана да важи, што значи дека потребата за донесување на овој акт произлезе од постојниот Закон за заштита на лични податоци и од тие причини се носи како Предлог-политика. Исто така тоа е и за Точка 3 - Предлог-упатство за начинот на водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. За останатите предлог акти од 4 до 8 објасни дека всушност претставуваат усогласување на актите кои што Агенцијата веќе ги имаше донесено согласно одредбите од Законот за лични податоци кој што престана да важи. Рече дека може да се забележи дека во повеќето од нив се врши усогласување во однос на основите врз основа на кои се носат овие подзаконски акти, односно се наведува Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци кој сега е основ за донесување на сите овие акти. Наведе дека после дадедениот вовед би можела да започне со образложение на Точка 2.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува да даде образложение за сите точки, а потоа ќе отворат дискусија поединечно и гласањето ќе биде точка по точка.

Раководителката Митревска даде образложение:

- Во однос на Точка 2 - Предлог-политика за воспоставување на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги посочи дека Агенцијата како контролор во смисла на Законот за заштита на личните податоци должна е да воспостави систем на заштита на личните податоци преку примена на соодветни технички и организациони мерки, со цел да се обезбеди ниво на безбедност кој што е соодветен на ризикот. Процесот на управување со системот за заштита на личните податоци, исто така согласно овој правилник за безбедност на Агенцијата за заштита на лични податоци пропишува дека треба да биде дефиниран во Политика на системот за заштита на личните податоци кој ќе одговара на обемот, природата и сложеноста на активностите кои што Агенцијата како контролор ги врши при обработката на личните податоци, како и ризиците на кои што е изложена при обработката на тие лични податоци. Доколку се изврши увид во овој документ ќе се види дека во овој акт се дефинирани збирките на лични податоци кои што се обработуваат во Агенцијата како контролор, категориите на личните податоци, нивоата на заштита на личните податоци, документите за заштита на личните податоци, меѓу кои документи се содржани односно се наведени и овие прописи кои што денес се предмет на разгледување и донесување од страна на Советот на Агенцијата, периодичните контроли кои треба да ги вршат назначените лица за заштита на личните податоци.

- Во однос на Точка 3 - Упатството за начинот на водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објасни дека ова Упатство е во насока на усогласување на постојните прописи од оваа материја кои што ја уредуваат оваа област. И ова Упатсво претходно беше дел од последното упатство под точка 8. Меѓутоа со оглед на новините кои ги содржи постојниот Закон за заштита на личните податоци

се утврди дека е потребно да се издвои ова Упатство како посебен документ, а на што упатува и членот 24 ставовите 1 и 2 од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци. Така што со него се пропишува начинот на водењето евиденција за пренесување медиуми носители на лични податоци надвор од работните простории на Агенцијата како и примање на медиуми носители на лични податоци во работните простории на Агенцијата. Во прилог е и евидентен лист, односно евиденцијата која што треба да се води при спроведувањето на овие процеси.

- Во однос на Точката 4 - Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги објасни дека станува збор за усогласување со постојан акт кој што Агенцијата го имаше донесено согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци кој што престана да постои. Тука станува збор за изменување и дополнување на Правилникот, значи не само за изменување, покрај тоа што се менува основот врз основа на кој се носи овој Правилник односно се наведува новиот Закон кој што е сега во сила и подзаконскиот акт кој што произлегува од тој закон – Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци, туку ќе се забележи дека внатре се вршат и се менуваат определени членови во постојниот Правилникот со цел да се изврши негово усогласување со постојните одредби во Законот за заштита на лични податоци.

- Во однос на Точката 5 - Предлог за изменување на Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги објасни дека тука има усогласување на основот за неговото донесување, односно се наведува соодветниот член на постојниот Правилник за безбедност и обработка на личните податоци кој што ја уредува оваа материја. Исто така се менува членот 3 со тоа што постојниот правилник се усогласува со постојните законски решенија за оваа материја во постојните прописи кои што ја уредуваат.

- Во однос на Точката 6 - Предлог за изменување на Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци објасни дека во него само се врши усогласување на основот за неговото донесување односно се усогласува со членот 22 од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци. Останатите одредби од овој Правилник се соодветни, не се изменети и одговараат на постојните законски решенија, така што нема измени во текстот во останатите делови од овој Правилник.

- Истото се однесува и за Точката 7 - Предлог за изменување на Правилникот за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Овој Правилник се усогласува со членовите 24 и 35 од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци.

- Во однос на Точката 8 - Предлог за изменување и дополнување на Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци и за водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведе како што укажува и насловот на точката дека има изменување меѓутоа и дополнување. Значи, како резултат на оваа измена дојде до промена на насловот на ова Упатство, тоа се менува и ќе гласи Упатство за начинот на водење евиденција за

овластените лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем и постапки за идентификација и проверка на авторизиран пристап. Потоа, членот 2 се брише, во Глава II се менува насловот, се менува членот 3, членот 4, така што има повеќе измени кои се наметнаа како потребни да се спроведат. На овој начин ова Упатство е усогласено со постојните законски прописи од одредбите кои што ја уредуваат материјата за заштита на личните податоци.

Г-дин Петрушевски рече дека раководителката Митревска дала краток опис во однос на суштината на предложените акти. Значи има 2 нови акти и 5 измени и дополнувања на постојни акти што Агенцијата ги има донесено односно Советот на Агенцијата некаде околу 2014-15 година. Сите овие измени, двата нови акти и 5-те измени и дополнувања се предизвикани од новиот Закон за заштита на личните податоци. По отворената дискусија и можност за прашања точките се ставија на гласање.

*Гласање по Точка 2*

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Политиката за воспоставување на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Политиката за воспоставување на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ја објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Секторот за информатичка поддршка и општи работи - архива на Агенцијата, Политиката за воспоставување на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ја објави на огласната табла на АВМУ.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Упатството за начинот на водење на евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Упатството за начинот на водење на евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Секторот за информатичка поддршка и општи работи - архива на Агенцијата, Упатството за начинот на водење на евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да го објави на огласната табла на АВМУ.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведениот правилник да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Секторот за информатичка поддршка и општи работи - архива на Агенцијата, горенаведениот правилник да го објави на огласната табла на АВМУ.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилникот за изменување на Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на изменување на Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведениот правилник да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Секторот за информатичка поддршка и општи работи - архива на Агенцијата, горенаведениот правилник да го објави на огласната табла на АВМУ

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Предлог-правилникот за изменување на Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните податоци, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните податоци.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведениот правилник да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата, горенаведениот правилник да го објави на огласната табла на АВМУ.

*Гласање по Точка 7*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилникот за изменување на Правилникот за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведениот Правилник да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Секторот за информатичка поддршка и општи работи - архива на Агенцијата, горенаведениот Правилник да го објави на огласната табла на АВМУ.

*Гласање по Точка 8*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци и за водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци и за водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведеното Упатство да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Секторот за информатичка поддршка и општи работи - архива на Агенцијата, горенаведеното Упатство да го објави на огласната табла на АВМУ.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека останува за 5-те измени на донесените подзаконски акти да се направи пречистен текст.

**Точка 9**

Г-дин Петрушевски објасни дека предложената јавна набавка Одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација е доста битна за функционирање на Агенцијата, без разлика кое годишно време е, дали е зима или лето.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи предлогот за давање согласност за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација. Објасни дека спроведувањето на оваа постапка се наметна како резултат на тоа што во зградата каде што е сместена АВМУ меѓутоа и Агенцијата за млади и спорт, инсталиран е систем за ладење, греење и вентилација кој треба да се одржува и да се сервисира, а особено делот каде што се овозможува вентилација и ладење на ИКТ опремата. Инаку оваа набавка се планира се спроведе за период од две години, средствата се предвидени, односно ќе бидат предвидени во Финансискиот план за 2022 година и е предвиден во Годишниот план за јавни набавки. Според проценетата вредност ќе биде спроведена како поедноставена отворена постапка, што значи дека ќе се објави оглас не електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на РСМ. Ќе се

склучи договор за групна набавка кој АВМУ ќе го склучи со Агенцијата за млади и спорт, со кој што ќе се утврдат нивните меѓусебни односи како два договорни органи кои што ја спроведуваат оваа постапка, а всушност АВМУ е таа која што ќе ја спроведе постапката во име на двата договорни органи. Наведе дека повеќе податоци има во материјалите што се приложени кон седницата.

Г-дин Петрушевски додаде дека се работи за предвидени средства, проценета вредност по 500,000.00 денари годишно т.е. милион денари и нешто за двете години.

Г-дин Фиданоски рече дека оваа јавна набавка е апсолутно повеќе од неопходна, иако не се знае однапред какви минусни температури ќе има оваа зима, но ако се земе предвид какво беше летото, прв пат после подолго време во континуитет беа измерени над 40 степени целзиусови надворешна атмосферска температура. Наведе дека оваа набавка е неопходна бидејќи серверите каде што се собираат материјалите потребно е да имаат оптимални услови за да може правично да се складираат и да се чуваат тие материјали, неопходни пред се за програмскиот надзор на Агенцијата што е есенција во нејзината работа и верува дека таа ќе биде направена на вистински начин. На крајот рече дека ќе даде една духовита забелешка. Бидејќи летото, а и овој период почесто престојувал во Агенцијата, се надева дека овој пат фирмата или сервисерите што ќе ги одржуваат системите нема да ги погрешат копчињата па наместо на ладно системот да работи на топло. Верува дека сепак тој систем во просториите ќе функционира беспрекорно и даде поддршка за јавната набавка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација за период од 2 години, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-2105/2 од 31.05.2021 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно ќе бидат обезбедени во Финансискиот план за 2022-та година.

**Точка 10**

Г-дин Петрушевски ја најави претпоследната точка - Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на стока: ситен информатички материјал за потребите на Агенцијата за изборниот процес. Објасни дека станува збор за многу мали средства некаде испод 50,000.00 денари каде што двете најпознати фирми во Македонија имаат понудено евтини пазарни цени.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити објасни дека за потребите на изборниот процес во Агенцијата вообичаено се вработуваат надворешни соработници. Како сектор добиле средства за набавка на ситен и потрошен информатички материјал со цел да се покријат трошоците што се појавуваат при користење на средствата за мониторинг на изборната кампања. Овој пат бидејќи дел од надворешните соработници работат од дома идејата на секторот беше да се набават комуникациски камери со цел да се поврзат во случај на потреба од

комуникација, да се набават нови слушалки за да се сменат веќе старите и дотрајани, неколку преносни медиуми и со цел да се искористат постарите хард дискови што се на располагање предлагаат да се набават „кејсови„ за сместување на тие дискови за да можат да станат преносни медиуми.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на стока од мала вредност-ситен информатички материјал за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за изборен процес, со текст како што беше предложен.

За реализирање на оваа набавка, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година за потребите за избори.

**Точка 11**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-3619/11**
**25.10 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**